Ристо КИРЈАЗОВСКИ

# ГЕРМАНСКАТА АГРЕСИЈА ПРОТИВ ГРЦИЈА И ОКУПАЦИЈАТА НА ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Грчките воени сили не само што го одбија нападот на италијанската 9-та армија на 28 октомври 1940 година, туку влегоа во албанска територија и ги заседоа градовите Корча, Премети, Аргирокастро и стигнаа на линијата Подградец-Камја-Суха-Гора-Химара. Таквиот развиток на воените операции имаше одраз врз германско-италијанските и германско-советските односи. Се извршија длабоки промени во односот на силите во редовите на фашистичката осовина. Секој ден што изминуваше ја правеше Италија сѐ послаба и немоќна да го совлада грчкиот отпор. На хитлеровска Германија тоа ѝ даваше прилика под форма на помош на својот сојузник непосредно да го наложи своето владеење и господство над Грција, која ѝ беше доделена на Италија.

Основни и значајни промени настануваат и во германско-советските односи. По неуспешниот поход против британската метропола, Хитлер реши да го нападне и го окупира Советскиот сојуз и заземањето на Балканот станува една од основните претпоставки и услови за успешно остварување на таа акција. Неуспесите и сѐ поголемата внатрешна криза што ја потресува Италија, ја прикрива вистинската стратегија на германскиот Генералштаб.

За реализација на тие стратешки цели, Хитлер на 12 ноември 1940 година нареди на својата армија да подготви „секавична интервенција" во текот на јануари 1941 година и да го заземе Егејскиот дел на Македонија, а на 13 декември 1940 година со „Општата насочувачка наредба" бр. 20 ја одреди воената операција „Марита" за заземање на цела Грција во текот на март 1941 година. Имајки ја предвид операцијата „Барбароса" за заземање на Советскиот сојуз за чија реализација на 18 декември 1940 година ја потпиша „Општата насочувачка наредба" бр. 21, Хитлер одреди инвазијата против Грција да се изврши со најголема можна брзина, така што, германските инвазиони сили до 1 мај 1941 година да се вратат

во своите бази, во Романија, за да учествуваат во походот против Русија кој се предвидуваше да започне на 15 мај 1941 година.

За походот против Грција Хитлер ангажира 24 дивизии кои требаше да се концентрираат во Бугарија. Ангажирањето на толку големи сили произлегуваше од убедувањето дека грчката војска ќе даде отпор а Англичаните ќе ѝ помогнат и од потребата да се обезбеди операцијата од евентуално изненадување од страна на Турција и Југославија. Поради тоа Хитлер ги насочи своите напори во тој правец. Со познатиот метод на закани и ветувања и со бугарско-турскиот договор за пријателство од 18 февруари 1941 година, успеа да ја неутрализира и пасивизира Турција. Потоа, на 1 март 1941 година Бугарија официјално го прокламира своето пристапување во фашистичката осовина и ја отстапи својата територија за концентрација на германската армија, која почна да се реализира со познатата умешност и брзина, така што до 15 март во Бугарија беа концентрирани 15 германски дивизии.

Настојувањето на Мусолини со својата неславна пролетна офанзива да ги победи Грците и по ненадејното народно подигање во Југославија на 27 март, го принудија Хитлер за извесно одлагање и прилагодување на воената операција. Со „Општата насочувачка наредба“ бр. 25 од 27 март пристапува кон прво одлагање на операцијата „Барбароса“ и наредува едновремен и примерен удар и уништување на Југославија. Дополнителните сили, други 8 дивизии, тргнаа со голема брзина и во зората на 6 април 1941 година започна новиот поход на германската армија против Грција и Југославија.

Истиот момент (во 05.15 часот) кога германските војски од Бугарија влегоа на грчка територија, во Атина, германскиот амбасадор Ербах му ја предаде германската нота на претседателот на грчката влада Корзис. Хитлер ја обвинуваше грчката влада за „неодговорна политика“ што наводно ја води откажувајќи ја италијанската „заштита“ и прифаќајќи англиска помош. Во нотата Хитлер информира дека неговите војски веќе ги започнаа своите напори да ја исчистат Грција од „вметнатите Англичани“ и да ја подредат во „новиот ред“ што владее во цела Европа и предупредува дека секаков отпор против германската војска, немилосрдно ќе биде совладан.[1] Против 8 грчки и британски дивизии со 176 тенкови, 477 топови, 228 противтенковски орудија и 45 авиони, Хитлер употреби 11 дивизии со 1907 тенкови, 1086 топови, 1549 противтенковски орудија и 1000 авиони.[2]

---

1. Αλέξ. Εδιπίδου, Ιστορία του ελληνοϊταλικού και ελληνογερμανικού πολέμου, Αθήνα 1959, 598—602.

2. ΔΙΣ. Αγώνες εις τήν Ανατολική Μακεδονίαν και Δυτικήν Θράκην 1941, Αθήνα 1957, 459.

Грчкиот одговор на германскиот агресор беше исто како оној на италијанскиот во октомври 1940 година. Грчката влада ја одби германската нота и со прокламација го повика народот да се бори за независноста и суверенитетот на Грција.[3]

Во одбраната на Грција учествуваше 2-та новозеландска дивизија, 6-та австралиска дивизија и 1-та блиндирана британска бригада. Сите тие единици го сочинуваа британскиот експедиционен корпус во Грција во чии редови имаше вкупно 58.051 луѓе (24.206 Англичани, 17.125 Австралијанци и 16.720 Новозеландци) под команда на англискиот генерал Улисон.[4] Растоварувањето на тие сили во Грција е реализирано по влегувањето на германските војски во Бугарија, од 7 до 31 март 1941 година. Британските сили беа распоредени на главната одбранбена линија Олимп—Каракамен—Кајмакчалан и со новосоздадените две грчки дивизии (XII и XX) го сочинуваа одредот „W" кој имаше задача да го одбие германскиот напад. Треба да се каже дека британските сили беа најелитните кои ја уништија X Италијанска армија и нивното префрлување од Северна Африка со цел да му помогнат на грчкиот отпор, му даде можност на Германскиот Генералштаб, со релативно малубројниот експедициониот корпус на Ромел, на 31 март 1941 година да преземе контраофанзива и да влезе во Египет.

Грчкото политичко и воено раководство целосно истоштено од напорите против италијанскиот поход, преокупирано и повеќе од стравот пред огромната германска сила и силните вознемирувања за внатршниот општествен ред, кој можеше да се наруши од еден евентуален организиран и народен отпор спрема новиот агресор, не ја искористи британската помош. Не ја искористи, бидејќи не реши со сите средства да ѝ се спротивстави на германската агресија. Грчката одбранбена стратегија, под влијание на британската балканска стратегија и ситуацијата на Балканот, се оформи во стратегија на максимален отпор спрема италијанската агресија и минимален отпор спрема претстојниот германски напад.

Определбата за минимален отпор спрема германската закана (што бара посебни проучувања) во почетокот е можеби диктирана од потребата предвремено да не се предизвикаат Германците и да се добие време во период во кој беа и советските реакции против германското настапување на Балканот, и кои потхрануваа надежи за нови компликации и еволуции во општата војна. Меѓутоа, на крајот тоа се кристализира во стремеж за коегзистенција со хитлеровскиот „нов ред" чие наметнување во Грција се сметаше за неизбежно.

За целиот период на војната против италијанската агресија грчката политика продолжи да ѝ се додворува на хитле-

3. Αλέξ. Εδιπδου, цит. труд, 604.

4. ΔΙΣ цит. труд, 410.

ровска Германија, да ги држи отворени вратите на Грција за германските агенти, да ги затвора очите пред интензивната дејност на „петтата колона“ која успеа да продре во целиот државен апарат, а посебно во службата за безбедност и меѓу вишите офицери кои беа избрани со посебна грижа и претставуваа главни потпори на Метаксасовиот режим. Прохитлеровската пропаганда, зачувувањето во високите функции на сите прогермански елементи и слободната дејност на „петтата колона“ беа главните карактеристични белези на носителите на режимот на Метаксас.

Целиот период на концентрација на германските офанзивни сили во Романија, кога југословенскиот став откриваше дека Грција остана сама наспроти германскиот поход, воената команда не ги презеде потребните мерки за порешителен отпор против агресорот. И тогаш кога започна да пристигнува британската помош и неуспехот на италијанската „пролетна офанзива“ покажуваше дека италијанската армија не е во состојба да преземе нов напор со цел да го скрши грчкиот фронт, грчкото воено раководство не го изврши потребното прегрупирање и заземање на нови позиции на грчката армија со главна цел спротивставување на германскта агресија. Како што е познато главните воени сили останаа во Албанскиот фронт и всушност тие беа неутрализирани. Од петте дивизии што беа определени да му се спротивстават на новиот непријател, само две (XII и XX, и тие новоформирани и некомплетни), беа распоредени на првата одбранбена линија, на линијата Олимп — Каракамен — Кајмакчалан, заедно со британските сили. Трите дивизии (18, 14 и 7) со маришката и сарашабанската бригада, кои требаше да бидат префрлени на првата одбранбена линија, останаа на линијата Велес — Сара Шабан, на утврдената „линија Метаксас“, всушност осудени на залудни борби и непотребни жртви. Позициите и распоредот на грчката армија јасно му ставаа на знаење на непријателскиот штаб дека главната одбранбена линија и самата одбрана на Грција е оставена на британскиот експедиционен корпус. Тоа јасно го изрази и Хитлер во својата нота, потврдувајки дека: „Ударот, кој Германија е принудена да го нанесе во грчка територија, се ограничува на Англија. Владата на Рајхот е убедена дека прогонувајки ги непоканетите Англичани од Грција, дава решавачки придонес, пред сè на грчкиот народ и на европската заедница“.[5]

Нема потреба да се наведуваат и други факти за да стане јасно дека кралот и владата на Корилзис го дигнаа бе-

---

5. Αλέξ. Εδιπίδου, цит. труд, 463.

(Хитлер го замолил Мусолини Италијанската армија да не презема никаква офанзивна акција за да се претстави дека војната во Грција е судир меѓу Германија и Велика Британија. Такво гледиште имаше и Комунистичката интернационала).

лото знаме на капитулација многу порано од германскиот напад, всушност отпорот спрема германскиот поход, претставува компромитација и откажување на отпорот против италијанската агресија во октомври 1940 година, го изразува големото социјално песпокојство на најконзервативниот дел на владеачката класа и всушност е вперен против националноослободителните и демократски тенденции и расположенија што водењето на антифашистичката војна ги засилуваше со геометриска прогресија. Тие тенденции и расположенија се манифестираа во отпорот што го даде грчката армија на агресорот во Источна Македонија.

За разлика од владата и режимот, грчката армија во Источна Македонија на најстрашната армија ѝ даде четиридневен силен отпор, нанесувајки ѝ бројни загуби во луѓе и материјал. Со пропаѓањето на фронтот во Вардарска Македонија, германските механизирани колони на 8 април пристигнаа во предградието на Солун и го заобиколија фронтот во Источна Македонија и Западна Тракија.

Грчкиот генералштаб и командантот на тој фронт генерал потполковникот К. Бакопулос, веднаш побара примирје и на 9 април му ја предаде на непријателот целата област и побара извинување за отпорот што го пружи грчката армија.[6]

Исто така добро се бореа и силите на одредот „W", водејки тешки и крвави борби во Западна Македонија, во Карли Дервен (Баница — Сорович), Псодери, во Клисура, забавувајки го напредувањето на германските колони. Меѓутоа, главните сили на грчката армија што се наоѓаа во Албанија дури на 12 и 13 април почнаа да се повлекуваат кон Епир, без да ги обезбедат патиштата на отстапување кон централна Грција и тие всушност останаа посматрачи на битката со германската војска, давајки им можност на непријателските колони да напредуваат во празнината на грчките позиции помеѓу Епир и Централна Македонија, да го изолираат Епир и на 17 април да се спуштат до тесалиското поле. Во тие услови група германофилски грчки офицери на чело со командантите на армиите Чолакоглу и Бакос, отворено пристапија кон реализација на планот за предавање на грчката армија на Германците.

Генералштабот и министерството на одбрана на 15 април 1941 година со свои наредби пристапија кон широка демобилизација на резервистите, дигајќи ја на тој начин паролата за растурање на војската. Истиот ден кралот и владата наредија британскиот експедиционен корпус да се повлече од Грција и решија на 17 април да ја напуштат земјата со цел да им дадат прилика на германофилските генерали да пристапат кон капитулација и предавање на армијата. Реакцијата на Англичаните и пред сè бунтот на посадите на воените бродови

---

6. Ο ἄξωνας του αἴσχους. Το Βῆμα της Κυριακῆς, 7-XII-1958·

што требаше да го пренесат кралот и владата, го спречија тоа бегство. На 18 април претседателот на владата Корзис изврши самоубиство. Него го наследи Еманоил Цудерос.

На 20 април Германците ги заземаат Трикала и Лариса, заканувајки им се на британските сили да ги заобиколат и уништат. Истиот ден командантот на воениот сектор на Западна Македонија генерал потполковникот Георгиос Чолакоглу, кој сам се прогласи за командант на армијата на Епир — Македонија, потпишува капитулација и му ја предава на непријателот војската во Епир. Во ситуација на распаѓање на раководството, органите на „петтата колона", на паника и бегство, британските сили навистина пружаат силен отпор и успеваат да се повлечат во теснините на Термопилите и таму да го задржат непријалелот до 25 април.

Меѓутоа, на 23 април кралот со новиот премиер Еманоил Цудерос и владата ја напуштаат престолнината и се префрлаат во Крит. Во Атина останува министерот на државната безбедност Манјадакис со цел да се погрижи „да не се наруши редот" додека пристигнат Германците — гестаповци и го преземат нејзиното „обезбедување" и пред сè да им ги предаде на новите господари на Грција „најопасните бунтовници и превратници", двете илјади затворени и интернирани комунисти. Манјадакис уште многу порано имал склучено договор со Германскиот Гестапо за заедничко гонење на комунизмот и до крајот остана доследен на таа обврска спрема Хитлеровците.

Со предавањето на главниот дел на грчките оружени сили, настапува распаѓање на државата и целосно парализирање на грчкиот отпор. Германскиот поход се претвора во прогон на британскиот експедиционен корпус, што агресорите, со помошта на своите грчки агенти, сакаа да го претворат во „лов на британски глави". И покрај многу тешки услови, британската и грчката морнарица, успеваат од 25 до 30 април 1941 година да ги прифатат и пренесат во Египет и Крит главниот дел на британскиот експедиционен корпус, конкретно 41.211 војници и офицери (12,600 Британци, 14.157 Австралијанци и 14.454 Новозеландци)[7], од вкупно 58.051 колку што тој броел при растоварувањето во Грција. На 1 мај 1941 година германската армија ја окупира цела континентална Грција и речиси сите острови со исклучок на Крит.

Крит со извонредната стратегиска положба во центарот на Источното средоземје секогаш заземал значајно место во завојувачките планови на германскиот штаб. Со навлегувањето на германската војска во Романија, Хитлер веднаш планирал заземање на Крит во текот на јануари 1941 година со едновремена главна акција против Гибралтар во соработка со фашистичка Шпанија. Поради проблемите што ги создал итали-

7. Τσώρτσιλ, Απομνήμονεύματα, Τόμος 3, 187.

јанскиот поход и неговото одбивање, прашањето на Крит се усложнува со операцијата „Марита" што ја започнала германската армија на 6 април. Со пробивот на грчкиот фронт во Македонија и предавањето на грчката армија, Хитлер на 21 април наредил да се подготви операција за заземање на Крит. Таа операција е наречена „Ермис" и дефинитивно потпишана на 25 април со „Насочувачка општа наредба" бр. 28.[8]

За заземање на Крит била формирана специјална група составена од сувоземни и воздушни сили под команда на командантот на 4-та воздухопловна флота — Лер. Групата имала 750 авиони од 8-та воздушна армија што требало да ја помага операцијата и 2-та воздушна армија под команда на генерал Стунтен, која требало да го изврши нападот и заземањето на Крит. Во состав на таа армија биле 7-та воздушна дивизија и 5-та брдска дивизија со околу 25.000 луѓе. Исто така таа располагала со 530 транспортни авиони и 53 хеликоптери за пренос на околу 18.000 падобранци. Останатите 7.000 војници било предвидено да бидат пренесени со 30 бродчиња под команда на адмиралот Сустер.[9]

Крит го бранеа 3 баталјони формирани од регрутните центри на Крит, 8 баталјони од Пелопонез што беа префрлени во Крит и околу 1100 питомци на воените школи што по нивна иницијатива во деновите на напредувањето на Германците успеале да се префрлат од континентална Грција во Крит. Сите тие сили, вкупно 14.000 луѓе, во големо мнозинство биле млади, новорегрутирани и необучени борци.[10] Последните денови на април се растоварил во Крит и еден дел од британскиот експедиционен корпус од Јужна Грција. Така британските сили достигнале околу 28.000 луѓе (13.500 Британци, 7.000 Новозеландци, 6.500 Австралијанци и 1.000 Кипрани и Палестинци)[11]

На 30 април во Крит пристигнал главниот командант на британските оружени сили Уејвел и за командант на сите сили и на одбраната на Крит го поставил новозеландскиот генерал Фрајберк. Одбраната на Крит започна од 1 мај 1941 година под услови на целосна блокада на островот од германската авијација, кога речиси било невозможно пренесување на потребното оружје и материјал за одбраната.

Германскиот напад на Крит започнал на 20 мај утрото и траел до 30 мај 1941 година кога бил заземен целиот остров.

Битката на Крит траела 12 дена и е една од најстрашните и најкрвавите битки во текот на Втората светска војна.

8. Дж Батлер, Большая стратегия септември 1939 — јуни 1941, Москва, 1959, 470.
9. Αλέξ. Εδιπίδου, цит. труд, 699 — 700.
10. Αλέξ. Εδιπίδου, цит. труд, 692 — 693.
11. Истото.

Загубите на Германците и на Британците биле повеќе од 40% од нивните ефективи што учествувале во операцијата.

Со паѓањето на Крит завршила целосната окупација на Грција.

Со наредба на Хитлер од 17 мај 1941 година, Грција официјално беше поделена на три окупациони зони: Германска, Италијанска и Бугарска. Хитлеровска Германија ги задржа најзначајните области од воен аспект и главно областите преку кои минуваат главните патни и железнички артерии. Исто така Хитлеровците ја задржаа политичката и стопанската управа. Во Атина е формиран „специјален ополномошник на III Рајх за Грција".

Егејскиот дел на Македонија е распарчен, исто така, во три окупациони зони: Фашистичка Бугарија окупира дел од Западна Тракија, источниот дел на Македонија до реката Струма и островите Тасоси и Самотраки. Западниот дел на Македонија со Костурско, дел од Кожанско и дел од Леринскиот округ е окупиран од Италија. Централна Македонија со Солунско, Кукушко, Гуменџиско, Воденско, Берско, Катеринско и дел од Леринско, Германците го задржаа за себе. Меѓутоа, целата територија од Централна и Западна Македонија на која живее поголем дел од македонското население, беше ставен под јурисдикција на грчката квинслиншка управа на генерал Георгиос Чолакоглу, а целата окупирана територија го носи името „Елиники политија" (Грчка државна управа).

Германските, италијанските и бугарските воени сили во Грција и Егејскиот дел на Македонија броеја 300.000 луѓе во состав на 5-та германска армија, 11 италијанска армија и 2-от бугарски корпус. Грција беше поделена во три воени команди: на Северна, Јужна Грција и Крит.

Оваа поделба трае до капитулацијата на Италија, кога подрачјата окупирани од неа се преземени од германските окупациони власти.

Risto KIRJAZOVSKI

## THE GERMAN AGRESSION AGAINST GREECE AND THE OCCUPATION OF THE AEGEAN PART OF MACEDONIA


Summary

Hitler's Germany take the advantage of the failure of fascistic Italy to defeat the Greek army, and within the frameworks of its plans of strategy, made occupation os Greece and the Aegen part of Macedonia in April 1941.

The occupation of Greece and all of the Balkans represented one of the main conditions for successful realisation of the plan »Barbarossa« i.e. for invasion of the Soviet Union. For this purpose, Hitler became very close with Bulgaria and Romania and neutralised Turkey.

The German campaign against Greece began on April 6, 1941. On May Day (lst) The Germans took the Continental Greece, and on May 30, 1941 the isle of Crete, so that they ended with the total occupation of Greece.

The quick breaking of the resistance of the Greek armed forces was due to the power of the enemy and the policy of the government which did not prepare all the potential internal forces for defence of the country and did not take the advantage of the British assistance. The most conservative part of the Greek leading class was deeply upset form the national liberation and democratic tendencies and aims in the country. That is why the free activity of the Fifth Column contributed the pro-German elements to take the most vital political and military functions.